Уп. Бр.08-75/2021

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Ц.И.А.К. АУТО д.о.о. со седиште на Gornjostupnička 96, 10255 Gornji Stupnik, Република Хрватска, преку полномошник Мартин Иванов, адвокат од Скопје на седницата одржана на ден 11.08.2021 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на поединечна контрола од страна на Ц.И.А.К. АУТО д.о.о. со седиште на Gornjostupnička 96, 10255 Gornji Stupnik, Република Хрватска, над друштвото Лукена Автоделови Експорт Импорт д.о.о., со седиште на 15-та Корпус, бр. 2/3/7, Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 12.07.2021 година, а дополнето на 19.07.2021 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Ц.И.А.К. АУТО д.о.о. со седиште на Gornjostupnička 96, 10255 Gornji Stupnik, Република Хрватска, со која Ц.И.А.К. АУТО д.о.о. ќе стекне поединечна контрола над друштвото Лукена Автоделови Експорт Импорт д.о.о., со седиште на 15-та Корпус, бр. 2/3/7, Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Ц.И.А.К. АУТО д.о.о.** е дел од групацијата ЦИАК на компании кои работат во земјите од регионот со над 1.000 вработени. Основните деловни активности на групацијата ЦИАК и нејзините зависни друштва вклучуваат трговија на големо и мало со автомобилски делови и управување со отпад.

ЦИАК нема поврзани друштва, подружници или претставништва во Република Северна Македонија.

**Лукена Автоделови Експорт Импорт д.о.о.,** е друштво која увезува и дистрибуира авто делови, масла и мазива, сервисна опрема и козметика за автомобили.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 в) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**